**ПРЕПОРАКИ И ЗАБЕЛЕШКИ ОД ПАРТИЦИПАТИВНИОТ ФОРУМ ЗА КУЛТУРА**

**31.05.2018**

1.Поголемо залагање за интеркултура наместо мултикултура.

2.Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците да биде функционална и етнички балансирана.

3.Министерството за култура да пронајде начин за претставување на заедниците преку обезбедување на простор за делување (домови на култура,простории за невладините организации на заедниците, галерии и останати културни објекти или установи).

4.Транспарентно доделување на средства. Посебна квота на средства за организациите на заедниците под 20%, со цел развивање на нивните капацитети, а да одат преку Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците да биде функционална

5.Да се работи на повеќе полиња, како образование, култура, уметност. Засега главен акцент е даден на фолклорот.

6.Создавање на динамична приказна за Македонија во која учество ќе земат и заедниците, а ќе биде реализирана преку Музеј на град Скопје.

7.Политичките партии на етничките заедници да престанат да ги инструментализираат дел од невладините организации на заедниците.

8. Поголема искористеност на потенцијалот на ромските музичари од светско реноме на домашниот културен простор преку одржување на фестивали од меѓународен карактер.

9. Незадоволително темпо на остварување на правата на заедниците во областа од културата.